# *АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНИ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ 2019 ГОДИНА*

Промоцијата на здравјето која ја спроведува Центарот за јавно здравје Скопје продолжи и понатаму со своите активности, континуирано и во второто полугодие од 2019 година.
Согласно Планот за работа на Одделението за социјална медицина, во делот на промоција на здравје, а во координација со Националната годишна програма за јавно здравје на Министерството за здравство, Отсекот за промоција на здравје продолжи со своите здравствено воспитни активности, опфаќајќи ги сите популациони групи на населението, на подрачјето на Скопје.
Активностите се спроведуваа преку одржување на предавања, трибини, дистрибуција на постери, флаери, брошури и кондоми, како и спроведување на индивидуални и групни едукации на населението.

За таа цел беа посетени децата во установите за згрижување на мали деца, учениците во основните и средните училишта, како и старите лица во установите за нивно згрижување (старските домови).

Беа посетени вкупно 13 установи и тоа: 4 основни училишта и нивни подрачни единици, 5 средни училишта, 3 детски градинки и една установа за згрижување на стари лица.

Едукациите се спроведуваа и во Центарот за јавно здравје Скопје, во Советувалиштето за откажување од пушење и во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.

Исто така, доктори специјалисти, општи доктори, дипл. медицинска сестра, дипл. педагог и дипломирани социјални работници вработени во

Одделението за социјална медицина при ЦЈЗСкопје земаа активно учество на едукативни обуки, работилници и други семинари како во, исто така и вон Центарот за јавно здравје Скопје.

Во Скопскиот регион, во *основните училишта* се спроведуваа здравствените едукации, одржување на трибините со дистрибуција на пропаганден материјал, во следните општини и тоа: О.О.У. „Братство и единство" во општина Петровец, О.О.У. „Невена Георгиева Дуња" во општина Кисела Вода, О.О.У. „25 Мај" во општина Гази Баба и во О.О.У.„Братство" во општина Карпош.
За таа цел беа реализирани 266 предавања, со опфат на 3079 ученици.

На подрачјето на Скопскиот регион*, во средните училишта* беа одржани вкупно 189 предавања со опфат на 1404 ученици. Беа посетени следните средни училишта: СУГС „Михајло Пупин" во општина Гази Баба, СУГС „Лазар Танев" во општина Карпош, СУГС „Димитар Влахов" во општина Аеродром, СУГС „Кочо Рацин" во општина Ѓорче Петров и СУГС „Медреса Иса Беу" во општина Центар.

Во *предучилишните установи за згрижување на мали деца* од една до шест години, беа опфатени 772 деца со одржани 28 едукации. Беа посетени три установи за згрижување на мали деца и нивните пунктови и тоа: во општина Ѓорче Петров, градинката „Росица", во општина Аеродром градинката „Буба Мара" и во општина Бутел, градинката „11 Октомври".

Во општина Кисела Вода беше посетена *Установата за згрижување на стари лица* „Света Петка" со опфат на 25 стари лица на кои им беа одржани две предавања.

Во основните и средните училишта беа одржани вкупно 10 *трибини* со опфат на 282 ученици на теми поврзани со едукативните предавања според

планот за работа. Трибините беа одржани во основните училишта на следните теми: Здрави училишни оброци кај учениците, Болести на зависност, Здравствен бенефит од редовни физички активности, додека во Средните училишта трибините беа на следните теми: Сексуално преносливи инфекции и Здрави училишни оброци - Исхрана.

Во *Советувалиштето за откажување од пушење* при Центарот за јавно здравје Скопје, беа одржани 7 групни предавања на 85 лица и истите пополнија 85 анкети. Исто така, беа спроведени 8 индивидуални едукации.

Бидејќи во *Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје* при Центарот за јавно здравје Скопје, во второто полугодие од 2019 година немаше интерес за негова посета, стручни кадри од нашето одделение посетија средни училишта во градот Скопје, при што беше спроведено анкетното истражување на 147 ученици. За таа цел им беа поделени 87 брошури на тема: Најчести прашања и одговори за Вашето сексуално и репродуктивно здравје”, и беа дадени 197 совети. Исто така, во координација со педагошко-психолошките служби на средните училишта, беа поделени 1008 кондоми и тоа во следните средни училишта на подрачјето на Скопје: СУГС „Димитар Влахов”, СУГС „Цветан Димов”, СУГС „Орце Николов”, СУГС „Владо Тасевски”, СУГС „8 септември” и СМУГС „Д-р Панче Караѓозов”.

Исто така, од одделението за Социјална медицина вработените беа активно вклучени во *дистрибуција на пропаганден материјал* и тоа: постери, брошури и флаери. Имено, беа вкупно дистрибуирани 1601 пропаганден материјал во основните училишта, средните училишта, градинките и во здравствените установи. Дистрибуираниот материјал беше доставен од Институтот за јавно здравје на РСМ и истиот беше на следните теми:

***I Брошури***

1. Најчести прашања и одговори за Вашето сексуално и репродуктивно здравје - 250
2. Дали е време за Твојот редовен мамографски преглед? - 594
3. Поранешните пушачи се во право - 84
4. Подгответе се за унифицирано пакување на цигарите - 3
5. Рано откривање на рак на простатата - 234
6. Дали е дојдено времето за Твоја контрола на редовен мамографски преглед? - 70

### *II Флаери*

1.Како едноставно да ги оставите цигарите - 42

2.Направете самопреглед и мамографски преглед за рано откривање на рак на дојка - 324

## *I Здравствена едукација на предучилишни деца*

Во општинините Ѓорче Петров, Аеродром и Бутел беа посетени Јавните детски установи за згрижување на предучилишни деца, со опфат на 772 деца и со одржани 28 предавања на тема „Лична хигиена” и „Здравствен бенефит од редовни физички активности”. Предавањата беа одржани во општина Ѓорче Петров во градинката „Росица”, во општина Аеродром во градинка „Буба Мара” и во општина Бутел во градинка „11 Октомври”.



Јавна установа за деца - Детска градинка „Росица” – општина Ѓорче Петров



Јавна установа за деца - Детска градинка „11 Октомври” – општина Бутел



Јавна установа за деца - Детска градинка „Буба Мара” – општина Аеродром

## ***<u>II Здравствена едукација на ученици во основните училишта</u>***

Во основните училишта на подрачјето на Скопје, беа одржани вкупно 226 предавања со опфат на 3079 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Петровец, Карпош, Кисела Вода и во општината Гази Баба во следните училишта:

- О.О.У. „Братство и единство” општина Петровец
- О.О.У. „Братство” општина Карпош
- О.О.У. „ Невена Георгиева Дуња” општина Кисела Вода
- О.О.У. „25 Мај” општина Гази Баба



О.О.У. „Братство и единство" – општина Петровец



О.О.У. „Братство" – општина Карпош



О.О.У. „Невена Георгиева Дуња” - општина Кисела Вода



О.О.У. „25 Мај” - општина Гази Баба

Во споменатите училишта предавањата беа одржани  на следните теми:

- Лична хигиена
- Исхрана – Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности

- Болести на зависност

## *III Здравствена едукација на ученици во средните училишта*

Одделението за социјална медицина преку Отсекот за промоција на здравјето, здравствено воспитната активност ја спроведуваше и во средните училишта во градот Скопје.

Во второто полугодие од 2019 беа посетени следните средни училишта: СУГС „Лазар Танев" во општина Карпош, СУГС „Михајло Пупин" во општина Гази Баба, СУГС „Димитар Влахов" во општина Аеродром, СУГС „Кочо Рацин" во општина Ѓорче Петров и СУГС „Иса Беу" во општина Центар.

Во споменатите училишта беа одржани вкупно 189 предавања со опфат на 1404 ученици.

Предавањата беа одржани на следните теми:

- Исхрана - Здрави училишни оброци и
- Сексуално-преносливи инфекции



СУГС „Михајло Пупин" – општина Гази Баба



СУГС „Димитар Влахов" – општина Аеродром



СУГС Медреса „Иса Беу" – општина Центар



СУГС „Кочо Рацин”, општина Ѓорче Петров

## ***IV Одржани трибини во основните и средните училишта***

Во второто полугодие од 2019 година беа одржани  вкупно 10 трибини во основни и средни училишта и тоа во општините: Карпош, Гази Баба, Петровец, Аеродром, Ѓорче Петров и Кисела Вода. Во споменатите училишта трибини се одржаа во  следните училишта:

- О.О.У. „Братсво и единство”  општина Петровец (2)
- СУГС „Лазар Танев” во општина Карпош (1)
- СУГС „Михајло Пупин”  општина Карпош(2)
- О.О.У. „Братство” општина Карпош (1)
- СУГС „Димитар Влахов”  општина Аеродром (1)
- СУГС „Кочо Рацин”  општина Ѓорче Петров (1)
- О.О.У.„Невена Георгиева Дуња ”  општина Кисела Вода (1)
- О.О.У. „25 Мај”  општина Гази Баба (1)

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Сексуално-преносливи инфекции (5)

- Болести на зависност (2)
- Здравствен бенефит од редовни физички активности(1)
- Исхрана – здрави училишни оброци (2)

На предавањата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето при ЦЈЗСкопје како и пропаганден материјал од Министерство за здравство и од Институтот за јавно здравје на СРМ.

## ***V Во состав на Одделението за Социјална медицина функционираат две Советувалишта :***

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и
-Советувалиште за откажување од пушење.

## ***Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје***

Во второто полугодие од 2019 година, од Центарот за јавно здравје Скопје беа посетени ученици од средните училишта, при што беа анкетирани вкупно 147 ученика на кои им беа дадени 197 совети за сексуално-преносливи инфекции. Исто така, беа дистрибуирани 1008 кондоми во повеќе средни училишта на подрачјето на Скопје што го покрива Центарот за јавно здравје Скопје.

## ***Советувалиште за откажување од пушење***

Во второто полугодие од 2019 година, во Советувалиштето за откажување од пушење при Центарот за јавно здравје Скопје, имаше подобар интерес за посети од клиенти во однос на првото полугодие.
За таа цел, беа одржани 7 групни едукации на 85 клиенти кои ја посетуваа Обуката за основни знаења за безбедност на храната. Во Советувалиштето се пријавени 5 клиенти за индивидуални едукации.

Индивидуалните едукации за откажување од пушење се во тек на спроведување и истите ќе продолжат и во наредниот период.

## *VI Превенција и унапредување на здравјето на стари лица*

Во второто полугодие од 2019 година, стручни лица од Центарот за јавно здравје Скопје ја посетија установата за згрижување на стари лица во општина Кисела Вода. За таа цел беа одржани две предавања на 25 стари лица на тема ,,Унапредување на здравјето на стари лица”.



Установа за згрижување на стари лица „Света Петка”
– општина Кисела Вода

## *VII Изготвен едукативен материјал*

Во второто полугодие од оваа година беа изготвени две брошури на следните теми:

1. Физичката активност и здравјето на децата
2. Превенција од кандидијаза кај младите

Декември, 2019

---

Изготвил: Прим. д-р сци. Персида Малинска, Шеф на отсек, Специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита